РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PER PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-199/3
21-05-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата на триесеттата седница одржана на ден 18.05.2020 година донесе

***Одлука***

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-5053/1 од 05.11.2019 година доставена од анонимна пријава СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека не се потврдуваат наводите од пријавата и заклучи дека нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 09-5053/1 од 05.11.2019 година.

Предметот со број 09-5053/1 од 05.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

***Образложение***

Предметот со број 09-5053/1 од 05.11.2019 година е оформен по добиена анонимна пријава, со наводи дека во СОУ ___________, Директорката во соработка со Градоначалникот на општина Демир Хисар вработуваат свои блиски роднини пријатели како што е лицето _______.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба, согласно своите законски надлежности писмено се обрати до СОУ _________ за прибавување на потребните податоци и информации.

Од страна на директорот на СОУ _________ е доставено објаснување во кое се наведува дека лицето ___________ е ангажирано со договор на дело од 20.01.2020 година од страна на Општина _______. Во еден дел о своето работно време по барање од СОУ ___________ извршува работи како администратор за потребните на училиштето, во согласност со Договорот за деловна соработка од 28.01.2020 година. Исто така, лицето _________ е ангажирано во СОУ ___________ на итни и неодложни работи од 05.09.2018 година, по претходно добиено согласност од Градоначалникот на општина _________, а по претходно испразнето работно место по основ на старо финансирање. Подоцна истото е ангажиран на оглас до крајот на учебната година.

Исто така, не известува и одговорно тврди дека лицето ___________, не е во никаква роднинска врска ниту со директорот ниту со градоначалникот на оптшината, ниту пак нивните семејства се во блиски пријателски врски.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси констатира дека во истата нема елементи, ниту индиции за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Бесник Џемаиљи, советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, член на ДКСК